# *МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА*

Овој меморандум е потпишан во Скопје, на 21.12. 2009 помеѓу:

1 Национална фондација за трансплантација,
2. Републичко здружение на бубрежно болни граѓани – “Нефрон”
3. Асоцијација за здравствена едукација ,превенција и подобар третман – “Хепта”
4 Сојуз на здруженија на граѓани со дијабетес на Македонија
5. Македонско здружение за борба против ракот и леукемија кај децата – “Пеперутка”

**Член 1**

**Основна цел на невладините организации што го потпишуваат овој Меморандум е подигање на свеста на јавноста за донирање органи, помош и поддршка на пациентите кои имаат неопходност од трансплантација, како и воспоставување на соработка и партнерски однос помеѓу државните органи, невладините организации, здравствените работници и пошироката јавност во сферата на трансплантацијата на органи.**

Со цел запознавање на јавноста и со можностите, значењето и придобивките од донирањето делови од човечко тело во случаите кога настапила мозочна смрт кај пациентот, **потписниците на овој Меморандум:**

1.1. Ќе се фокусираат на детектирање, препознавање и укажување на медицинските, правно - етичките аспекти и дилеми, вклучително и на финансиските предности од изведувањето на трансплантацијата како медицинска интервенција.

1.2. Ќе организираат одржување на семинари, конференции и работилници на кои ќе се запознава пошироката јавност со проблемот на трансплантација на органи и ќе се јакне јавната свест за потребата од донирање на органи.

1.3. Ќе одржуваат периодични прес - конференции и информативни сесии на кои ќе бидат поканети претставници од Министерството за здравство на Република Македонија и други релевантни државни органи, здравствени работници вработени во медицинските установи, стручната јавност запознаена со овој проблем, претставници на граѓанскиот сектор и новинарите. Прес - конференциите ќе бидат отворени за присуство и учество на сите заинтересирани лица кои сакаат да се здобијат со конкретни информации за донирањето на органи и трансплантацијата.

1.4. Ќе се залагаат за актуелизација на можностите кои ги нуди трансплантацијата преку континуирано информирање на медиумите и преку постојано ажурирање на постојните состојби во оваа област на своите веб - страници.

1.5. Ќе дејствуваат во насока на подобрување на соработката и координацијата помеѓу државните органи, невладиниот сектор, здравствените работници и медиумите, со цел да се зголеми донирањето на органи.

1.6. Ќе даваат поддршка на семејствата и пациентите на кои им е неопходна трансплантација или веќе имаат извршено трансплантација без разлика на нивната верска , социјална и национална припадност.

1.7. Ќе преземаат соодветни активности за едукација на активистите во рамките на својата организација за поимот и значењето на трансплантацијата како неизмерно хумана медицинска постапка.

**Член 2**

**Подзаконска рамка**

Тргнувајќи од слабата примена на Законот за условите за земање, разменување, пренесување и пресадување делови од човечко тело на РМ, несомнено, се наметнува потребата од дополнување на постојната легислатива. За таа цел, потребно е да се пристапи кон донесување соодветни подзаконски акти со кои подробно ќе се уреди оваа материја. Поставувањето на правни и етички рамки за трансплантација на органи е една од приоритетните цели на дејствувањето на потписниците на овој Меморандум.

**Член 3**

**Согласност на договорните страни**

Потписниците на овој Меморандум се согласни околу потребата за заедничко дејствување во смисла на доближување и оживотворување на алтруистичката заложба за продолжување и подобрување на квалитетот на животот на пациентите преку трансплантација на органи.

**Член 4**

**Обврски на потписниците**

Потписниците активно и навремено ќе се консултираат за планирањето и изведувањето на договорените обврски, како и за подготовка на евалуација од наведените активности.

**Член 5**

**Преодни и завршни одредби**

Овој меморандум стапува во сила веднаш по потпишувањето.

Овој меморандум може да подлежи на промени, со претходна писмена согласност на договорните страни.

Меморандум е составен во повеќе идентични примероци на македонски јазик и секој потписник има по еден примерок.

Национална фондација за трансплантација

Спец. Д-р Владимир Чадиковски

Републичко здружение на бубрежно болни граѓани- “Нефрон”

Г-дин Спиро Мицоски

Македонско здружение за борба против ракот и леукемија кај децата – “Пеперутка”

Г-ѓа Наташа Котлар - Трајкова

Асоцијација за здравствена едукација ,превенција и подобар третман – “Хепта”

Проф. Д-р Розалинда Исијановска

Сојуз на здруженија на граѓани со дијабетес на Македонија

Прим. Д-р Аврам Ванковски